Архивски број: 08-171/5
12-05-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-171/1 од 14.2.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] како одговорно лице на здружението [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 11.5.2023 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на етничка припадност од страна на [redacted] кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка заведена под архивски број 08-171/1 на 14.2.2023 година, од [redacted] Скопје за сторена дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми, а врз основа на етничка припадност од страна на [redacted]

Согласно наводите од претставката, на сопствената страница на здружението „НВО-Млади за Македонија" на Фејсбук, на ден 4.1.2023 година бил објавен пост со следната содржина:

„На денешен ден пред точно 80 години од страна на **бугарскиот ФАШИСТИЧКИ окупатор** ѕверски се убиени Мирче Ацев и Страшо Пинџур. Бугарите пет дена ѕверски го мачат Мирче Ацев, а потоа го фрлаат низ прозор!!!
Истиот ден, ,по повеќедневно ѕверско мачење, **бугарската фашистичка полиција** го убила и Страшо Пинџур, народен херој на Македонија. Бил член на КПЈ од 1934 година. Роден бил во селото Ваташа, Кавадаречко, на 5 март 1915 година.
**Еве какви психопати, убијци и садисти се Бугарите!**
Денес модерните бугарски колабористи работат да ги вметнат **овие фашистите и садистите во уставот!** Во име на крвта пролеана за Македонија, имаме света должност да го продолжиме делото на нашите херои и да продолжиме со борбата против **бугарските фашисти на Радев, Каракачанов и Борисов**, но и современите **бугарски колабористи Заев, Муцунски, Османи, Пендаровски** - колабористите кои ги предаваат македонските национални интереси и ги внесуваат **бугарските фашисти во Уставот**!
Историјата ги памети хероите и предавниците!
Лесна им емја на хероите!
Вечна им слава на хероите! ".
(линк до објавата: https://www.facebook.com/813095542231908/posts/pfbid0ccXTMPM5dbZLJsdepXgzqPN7JPF


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

kUhpVgvEeQpjQHtX1PFShurndouZPYPjaECWfl/?mibextid=Nif5oz) Како што наведува подносителот, објавата има 52 реакции, 9 споделувања и 7 коментари.

Понатаму, на ден 20.1.2023 година, на истата страница бил објавен пост со следната содржина:

„[redacted] под уцена и присила од патриот стана "бугар"?
На својот фб нема ни б од бугари, напротив позира со слики на обединета Македонија, каде Пиринска Македонија е ослободена од бугарите. Учествува во активности против северна и бугарите.
Оди на одмор во Бугарија, **дали Бугарите намерно му подметнуваат наркотици**? Од стресови и страв од доживвотен затвор, остарува за 20 години, а за да спаси жива глава мора да учествува во фирмирање на бугрско здружени. **Еве колку гадни се Бугарите**!" (линк до објавата: https://www.facebook.com/813095542231908/posts/pfbid0xqsvmcaaCH8qoxrnDTBjsHm1QDcqqr232FowxKrF7VVGR1r2ywigzH7PmMWPVyygl/?mibextid=Nif5oz) Оваа објава има 177 реакции, 36 споделувања и 32 коментари.

На ден 25.1.2023 година, на истата страница бил објавен пост со следната содржина:

„Македонци, **водиме борба и со бугарските фашисти**, и со домашните колабористи за нашето знаме!
Досега се собрани над 5500 потписи, потпишајте се за јавно истакнување на нашето македонско знаме https://chng.it/JcHMt4PDFB,
Извадете ги македонските знамињата пред балкноните, на тарасите, улиците и да покажеме кое е нашето знаме! Праќајте ни ги на нам сликите и видеата да ги објавиме, ајде да ги поплавиме улиците и социјалните мрежи со македонските знамиња!
Нашето сонце гордо ќе се вее!
#НашеЗнамеНашеПраво". (линк до објавата: https://www.facebook.com/813095542231908/posts/pfbid02HgxoG7ipF8L7QxTwFhZjk8g4tSwd7Y6RZySgqvUi8g2nsTu7bmPEiNHDfXmovsfwl/?mibextid=Nif5oz) Оваа објава има 608 реакции, 11 споделувања и 61 коментар.

Последно, на ден 30.1.2023 година на истата страница бил објавен пост со следната содржина:

„ Кога хаосот станува закон, отпорот станува наша должност!
Да не дозволиме **мала група бугарски фашисти да го сквернави гробот на Гоце!**" (линк до објавата: https://www.facebook.com/813095542231908/posts/pfbid07i9hJSAZA5NCFxjb4msE72DeaMvvJR45jGA4XdUjnyR9jqeBkwaf86sbf6w2Gwvhl/?mibextid=Nif5oz) Објавата има 412 реакции, 18 споделувања и 67 коментари.

Подносителот на претставката смета дека правното лице НВО [redacted] застапувано од [redacted] сторил директна повторена дискриминација, како и повикување и поттикнување на дискриминација и вознемирување кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска самосвест.

Бидејќи од приложеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не успеа да пронајде информации во врска со правното лице против кого беше поднесена претставката, на ден 15.2.2023 година испрати Барање за доуредување на претставката. Со барањето беше посочено подносителот да достави конкретна информација, односно доказ кој потврдува дека истата се однесува на регистрирано правно лице (целосен назив од соодветниот регистар, седиште, матичен број). Во спротивно, доколку не станува збор за регистриран субјект, да биде посочено конкретно


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

физичко лице против кое се поднесува претставката. Во обата случаи, потребен беше доказ дека посоченото лице ([redacted] е администратор на facebook страницата која ги објавила статусите, односно ги сторил дејствијата од претставката.

На ден 22.2.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор на Барањето за доуредување. Во одговорот се посочува дека на веб страната www.mladizamakedonija.mk е прикажан е-мејлот на студентското друштво, како и директни линкови кои водат до нивната страница на facebook, twitter, како и на нивниот youtube канал. Дополнително, согласно евиденцијата од МАРнет (www.marnet.mk), веб страната на здружението Млади за Македонија е регистрирана од страна на лицето [redacted] против кого е поднесена претставката.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го прифати ваквото доуредување и согласно член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 3.3.2023 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до [redacted]

Испратеното известување беше вратено до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, од причина што лицето [redacted] не побарал да ја прими поштата во соодветниот рок. Поради тоа, при одлучувањето Комисијата ги ценеше единствено наводите изнесени во претставката.

Ценејќи го говорот во спорните објави, како и временскиот и општествен контекст во кои истите се објавени, Комисијата утврди дека станува збор за вознемирување во смисла на член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Поконкретно, за оние делови од објавите во кои се коментираат историски настани, Комисијата не пронајде вознемирувачки говор, од причина што станува збор за неспорни историски факти и околности. Од друга страна, коментирајќи ги моменталните општествени случувања во објавите, дискриминаторот посочува кон денешна Република Бугарија и бугарските граѓани. Имајќи го тоа предвид, а користејќи говор како *„Еве какви психопати, убијци и садисти се Бугарите!"*, *„да продолжиме со борбата против [...] современите бугарски колабористи [...] кои ги предаваат македонските национални интереси и ги внесуваат бугарските фашисти во Уставот! "* итн., дискриминаторот создал заканувачка, непријателска и застрашувачка средина кон бугарските граѓани.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди вознемирување врз основа на етничка припадност во областа на јавното информирање и медиуми од страна на [redacted] како одговорно лице на здружението Млади за Македонија, врз граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето [redacted] да ги избрише спорните објави и јавно да се извини за напишаниот текст со кој е извршено вознемирување врз основа на етничка припадност врз граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност. Јавното извинување треба да го објави на Фејсбук страната на [redacted] во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискримианција.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето [redacted] во иднина да се воздржи од објавување текстови кои во себе содржат вознемирувачка содржина врз основа на етничка припадност или било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
12.5.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]